




25 години ПОПРАВЕДЕН СВЕТ ЗА ДЕЦАТА

Прва детска амбасада во светот Меѓаши



“СИТЕ ИДЕАЛИ НА СВЕТОТ
СЕ ПОМАЛКУ ЗНАЧАЈНИ ОД СОЛЗИТЕ НА ЕДНО ДЕТЕ”



"ALL IDEALS IN THIS WORLD ARE MEANINGLESS FROM THE TEARS OF A CHILD"

КОГА ПРЕД 25 ГОДИНИ СЕ ОФОРМИВМЕ ЗА ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ НА ДЕЦАТА ПОГОДЕНИ ОД ВОЈНАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, НЕ ЗНАЕВМЕ ВО ШТО СЕ ВТУРНУВАМЕ, СО КАКВИ ПРЕДИЗВИЦИ ЌЕ СЕ СООЧУВАМЕ, КАКО СО НИВ ЌЕ СЕ СПРАВУВАМЕ. НЕ МОЖЕВМЕ НИТУ ДА ЗАМИСЛИМЕ ШТО НÈ ОЧЕКУВА. ТАКА ДОЈДОА И БЕГАЛЦИТЕ ОД КОСОВО ВО 1999 г., ВНАТРЕШНО РАСЕЛЕНИТЕ ДЕЦА ОД КОНФЛИКТОТ ВО 2001 г. ВО МАКЕДОНИЈА. СЕГА И ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ ОД СИРИЈА.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши од нејзиното основање во април 1992-та до денес, заедно со работниот тим, активисти/активистки за детски права, мировни работници и волонтери се борат за почитување на правата на децата во Македонија и градење на култура за мир од најрана возраст. Споредбено проблемите кои ги имаа децата во деведесттите и денес навидум се различни, но фактички мене ми изгледаат исти. На почетокот, во првите 10 години од оформувањето главна задача ни беше да се згрижат децата бегалци погодени од војната во Босна и Херцеговина, Косово и конфликтот во Македонија, а денес главно фокусот ни е на заштитата на децата од насилство и злоупотреби, но и мобилизирање на јавното мислење и мобилизирање на институциите за децата бегалци, особено оние деца кои патуваат без придружба или се жртви на криминалните структури.

Во меѓувреме срушивме многу табуа. Го срушивме молкот на страдањето на децата од сексуална злоупотреба, од физичко насилство, за проблемите кои ги имаат кога нивните родители се разведуваат, од тагата поради тајноста посвоените деца да немаат пристап до нивните биолошки родители, од секојдневните проблеми со кои се среќаваат децата, од меѓуврсничкото насилство, од тоа дека сè уште има деца без извод од матична книга на родените, деца чиј труд се злоупотребува, деца кои не се вклучени во основното образование или се спречени да го завршат истото.

Мигрантската криза и балканската рута каде транзитираа илјадници деца бегалци како повторно да нè врати на почетоците на нашето основање кога водевме грижа за помош и поддршка на децата погодени од војната во Босна и Херцеговина. Последната бегалска криза, впрочем, ме врати кон нашите почетоци. Војната во Сирија во која загинаа илјадници деца ме потсети на песната „Деца божји", отпеана на детскиот фестивал „СИДО" во почетоците на деведесеттите години. Со порака да нема војни, опеана во стихови – „...Деца божји, запрете ги војните со молитви за мир". Таа песна ме потсети и на повелбата на Првата детска амбасада во светот Меѓаши каде е посочено дека: „Децата се посебен народ. Децата не се национални и верски војсководители. Тие се еден народ кој никогаш не извел револуција или контрареволуција, ниту пак повел војна. Децата не се ни класно ни национално прашање, децата се прашање над сите прашања. Тие се народ кој најмногу страда во воените судири и човековите трагедии. ДЕЦАТА СЕ САМО ДЕЦА."

Децата ниту ги започнуваат ниту ги водат војните. Војните ги почнуваат возрасните. Кога би можеле возрасните барем еднаш да се сетат кога биле деца, на нивната безгрижна игра, радост и среќа, во сè што тогаш верувале и мечтаеле, верувам дека светот би бил поинаков. Верувам дека светот би бил детски, без насилство, без омраза, со многу љубов, верба и надеж за искрена и детска љубов која може да царува и да го исполни универзумот со многу позитивна енергија и среќа. Војните веднаш би престанале и би царувале детството и другарството.

И сосема за крај, Првата детска амбасада во светот Меѓаши во континуитет во истражувачкиот извештај „Довербата во Македонија", што се однесува на „Довербата во граѓанското општество" и „Познавањето и мислењата за граѓанските организации" е на прво место во однос на довербата како граѓанска организација кај граѓаните. Таа доверба треба да се заслужи, оправда, но и да се потврди. Тоа е социјален капитал на кој ДЕТСКАТА АМБАСАДА Меѓаши е горда, но треба и мора истото да го потврдува сега и во иднина. Таа доверба што ни ја даваат граѓаните е енергија што нè движи кон отворање, иницирање и решавање на општествени проблеми заедно со многу поединци заеднички да направиме активности за општествени промени, во интерес и пред сè за децата.

М-р Драги Змијанац

Основач и претседател на
Првата детска амбасада во светот Меѓаши



Извадоци од дневник

октомври 1991

Не сакам и не можам да бидам нем сведок на ужасните слики што секојдневно ги гледаме на екраните. Стапив во контакт со Детската амбасада од Сараево, со г. Душко Томиќ и му ја искажав мојата подготвеност за проширување на оваа благородна идеја и во Македонија. Можеби ќе ми дадат шанса...

февруари 1992

Го примив официјалниот документ за отворање на Детската амбасада за Република Македонија. Веднаш наидов на пречки. Новите идеи кај нас тешко се прифаќаат. За среќа сретнав некои луѓе кои беа подготвени да се ангажираат и тоа ме охрабри...



Прифаќање на бегалците во Скопје (Април 1992 година)

април 1992

...Во БиХ започна војна. Прво не ме пуштаа во МРТВ, но потоа едвај и без какви било размислувања дадов апел на Македонското радио и ТВ-дневник за прифаќање на деца од Сараево. Го дадов и мојот домашен телефонски број. Тогаш ни најмалку не бев свесна што сè ќе се случува... Цела недела телефонот постојано ѕвонеше... Стотици семејства и поединци се јавија за прифаќање на децата... Нашиот дом беше претворен во „собирен центар" каде што драгаа оние што не можеа да нè добијат по телефон...

Сите бевме исцрпени... сопругот, децата, но за среќа ни помагаа и некои непознати луѓе (како да ги познавам цел живот). Не беше лесно, а мораше да се издржат и многу непријатности и неправдини... „Кој те овластил да дадеш апел?", „Политички маркетинг", „Зошто токму ти?"... а добив и отказ од работа!

мај 1992

На 29 април го одржавме Основачкото собрание на Генералниот конзулат на ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА во светот за Република Македонија.

април 1993

Тешко е да се опише што се беше потребно да се стори за да заживее идејата на Детската амбасада во Република Македонија, а и пошироко. Единствено што можам е да им се заблагодарам на сите што не подржаа и ни помогнаа и на оние кои сеуште несебично ни помагаат...

Тешко е да се опише што сè беше потребно да се стори за да заживее идејата на Детската амбасада во Република Македонија, а и пошироко. Единствено што можам е да им се заблагодарам на сите што нè поддржаа и ни помогнаа и на оние кои сè уште несебично ни помагаат...

април 1993

Посебно им заблагодарувам на амбасадорот Коле Ангеловски и на мојот сопруг и колега Драги Змијанац за несебичната поддршка од почетокот до денес...

**Годишник „Ние сме иднината“ 1993 г., бр. 1*

Гордана Пирковска-Змијанац
Основачка на Детската амбасада Меѓаши во Македонија



СОБА 315

(1992 во просториите на Илинденска б.б.)
Гордана Пирковска Змијанац, Методија Најчевски,
Амира Базариановиќ и Хемко



КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ
Амбасадор

Кога ќе споредиш, можеби и не се многу 25 години, но сè она што го направи Детската амбасада за овие 25 години значи многу, значи многу за сите тие деца на коишто на некој начин им помогнавме, ги згриживме, поразговаравме со нив, се дружевме со нив, учествувавме во нивните проблеми, болки, маки и мислам дека Првата детска амбасада Меѓаши како организација е нешто што ќе остави траен белег во животот на цела Македонија.

Сигурно дека првите години кога беснееше војната во Југославија, кога првите бегалци дојдоа, сигурно дека беа извонредно тешки за сите нас што волонтерски, со голема љубов одвоивме време, знаење, моќ и сè она што го направивме на тие несреќни луѓе да им се помогне. Овде во еден момент имаше 60 000 бегалци во Македонија – 60 000 судбини трагични, тешки, потресни. Секојдневно се соочувавме со неверојатни приказни, неверојатни трагедии, но ете тоа фала Богу заврши, се смири работата и некако Детската амбасада се сврте кон она што е да речеме и некоја главна цел, а тоа е во услови на мир да им се помогне на децата за остварување на нивните права, за остварување на она што е голем проблем сега во Македонија, а тоа е недоволната посетеност на училиштата, за тие 18 000 деца коишто не одат на училиште, децата на улица, па преку сите овие работилници што ги има Детската амбасада, сè она што се прави..

Би сакал на некој начин да ги поздравам, да им честитам, пред сè на Драги и на Гордана Змијанац, коишто еве овие 25 години издржаа во една неверојатна борба, на сите оние волонтери, на сите тие луѓе што пројдоа низ Детската амбасада и што сè уште одвојуваат од своето работно време да се посветат на децата, да се посветат на доброто на децата, да се спречат што е можно повеќе сите оние неубави работи што им се случуваат на децата.

Што се однесува до децата се надеваме дека уште долго, барем следниве 25 години сè уште ќе бидеме совест на ова општество и на оваа држава.



Сè почна пред 25 години, во едно турбулентно и воинствено време. Во тој миг, сè уште недооформената Прва детска амбасада Меѓаши за Република Македонија се соочи со почетокот на босанската војна. Детската амбасада Меѓаши од Босна се обрати со апел до сите свои членки да помогнат во спасување на децата од воените жаришта. Гордана Пирковска-Змијанац, координаторка на Детската амбасада Меѓаши во Скопје, уште истиот ден преку медиумите упати порака за згрижување на децата од Босна и Херцеговина:

„Граѓани на Македонија, вие сте на потег. Покажете ја вашата хуманост и подготвеност да им се помогне на оние на коишто им е најтешко во овие моменти - децата. Сите заинтересирани може да се јават на телефон 091/ 317- 815".

На апелот одговорија огромен број семејства, но и институции како детски одморалишта, домови, хотели, Црвениот крст, Министерството за труд и социјална политика, како и многу невладини организации. Во истиот миг беа згрижени илјадници деца, жени, стари луѓе. Во текот на наредните две години Меѓаши за своите босански „голготци" обезбеди храна, образование, медицински прегледи, часови по изучување англиски јазик, културно-забавен живот итн. На овој начин Македонија и НВО-секторот на светот му покажаа висока граѓанска свест и човечност.

По извесно време, поточно во 1993 - 1994 година голем број од бегалците од Босна заминаа во САД и во западноевропските земји. Во оваа преселба беа опфатени над 4 000 луѓе, од кои 2 500 беа деца. Сето ова беше овозможено преку контактите и услугите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши (Македонија).



Кога го дадов апелот пред 25 години за прием на босанските деца, мислевме дека војната ќе трае 4 - 5 месеци, дека ќе ги прифатиме децата, ќе им помогнеме и потоа ќе си се вратат во нивните домови. Но, таа војна траеше 4 - 5 години, а по неа дојде косовскиот конфликт, па бомбардирањето на НАТО на Србија, па конфликтот во Македонија кога се посветивме на внатрешно раселените деца. Значи, сè до летото 2006-тата ние работевме со деца погодени од војна. И тогаш кога мислевме дека оваа голгота на детските души кои најмногу страдаат во време на војни заврши, се случи војната во Сирија. Илјадници деца бегалци поминаа низ Македонија, на 10 000 деца бегалци без придружба не им се знае трагот...
Тогаш кога се формиравме, не мислевме дека тоа ќе биде толку болно и ќе трае толку долго.

Гордана Пирковска Змијанац

ИН МЕМОРИАМ

За жал, во периодот од 2012 до 2017 година нè напуштија тројца големи хуманисти кои ја помагаа работата и мисијата на Детската амбасада Меѓаши од самите почетоци. Сите тројца, Методија Најчески, Јово Димитријевиќ и Есма Реџепова ќе ги паметиме како драги и големи луѓе.

Нека им е вечна слава!

Јово Димитријевиќ, почесен член на Колегиумот на Детската амбасада Меѓаши

За жал, нашиот драг Јово почина во Канада на 16 ноември 2016 г. Тој е познат како врвен спортски новинар од Босна и Херцеговина кој несебично се посвети на мисијата на Детската амбасада Меѓаши. Ќе го паметиме по неговата ведрина, смисла за хумор, поддршката и охрабрувањето кои ни ги даваше постојано. Посебните луѓе, и кога не се на овој свет, остануваат да живеат во нашите срца.

Методија Најчески, почесен член на Колегиумот

Нашиот драг чичко Мето нè напушти во 2012 г. Во годините на војна кога врските на бегалците со нивните најблиски во Босна и Херцеговина беа прекинати, тој со неговата радио-станица беше единствениот спас. Благодарение на неговиот бескраен ентузијазам и добрина, тој и неговата Блага им помогнаа на илјадници семејства во времето на тешката војна да стапат во контакт.

11 декември 2016 г. почина Есма Реџепова-Теодосиевска, почесен генерален конзул на Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Есма за првпат во Детската амбасада Меѓаши. Како вчера да беше, 13 април 1992 г. Ѝ се јавивме да дојде со нас на аеродром оти бегалците ќе пристигнат утре. Да ги пречекаме. „Секако пиле дека ќе дојдам" – рече. Плава Лагуна беа спремни, му се јавивме на Вања Битољану дали е сигурно дека авионот што вети дека ќе тргне за Сараево е обезбеден. Коле Ангеловски повторно преговараше и информацијата беше потврдена. Утредента со Есма заедно тргнавме кон аеродромот каде слета авионот со 155 мајки со деца. Набрзо потоа Есма и Стево станаа почесни конзули на Детската амбасада Меѓаши. На 1 јуни 1992 г. тие одржаа хуманитарен концерт и обезбедија парични средства во износ од 186 000, 00 ден. кои беа дадени за децата бегалци сместени во детското одморалиште „Страхил Андасаров" во село Љубанци – Скопје. Оттогаш секогаш кога ќе затребаше Есма, беше тука. Кога се работеше за хуманитарна активност, таа не се двоумеше. Беше жена со добрина. Жена со големо срце колку планина и по тоа ќе ја паметиме и ќе остане во нашите срца, засекогаш. Почивај во мир, кралице!

Од овој период спомените се проектираат во бесконечна низа. Тоа беше време на солзи, маки, прегратки, очај, време на изгубени деца... Во буквална смисла на зборот – изгубени деца. Ќе се потсетиме на едно такво дете преку текстот на сараевскиот новинар Јово Димитриевиќ.

ДЕМИР ЈА НАЈДЕ МАЈКА СИ



Октомври, '92. Дождливо време. Во собата 315 од некогашната Це-Ка на Македонија сместен е Генералниот конзулат на детската амбасада за Република Македонија. Вообичаена атмосфера. Телефоните ѕвонат. Во малиот простор сместени се десетина луѓе - Драги и Гордана Змијанац, режисерот Коле Ангеловски, актерот Миралем Зупчевиќ, десетици волонтери. Луѓе со многу трпение. Секој што дошол мора да биде сослушан. На многумина ќе им се помогне, посебно на децата. На вратата се појави едно момче со бистар поглед, но тажно и преплашено. Прашува: -***„Ова ли е амбасадата за нас децата?“***. Гордана (Змијанац) му одговара потврдно, а момчето ја почна својата приказна:

„Ја барам мајка ми. Од Горажде сум. Татко ми остана во Босна, а јас со мајка ми и брат ми дојдовме овде. Пред два месеца во возот кај Куманово ја изгубив мајка ми. Слушнав дека е некаде во Скопје, а можеби и не е... Се викам Демир и ве молам помогнете ми...“ Му понудија сок. Не сака. Не сака ни сендвич. Си ја сака мајка си. „Саима, Саима се вика мајка ми“, кажува низ солзи...

Луѓето од Амбасадата почнуваат да вртат по телефоните. Гордана на едниот, Миралем на другиот. Се јавуваат по центрите за бегалци. Го бараат кампот на Водно. Им кажуваат дека таму има една Саима. „Ве молам најдете ја, а ние ќе чекаме“, порачува Гордана. Чекаме. Сите бараат, сите апелираат, но Саима никаде ја нема. Да не се преселила на друго место, си велиме. Овде ни беше последната шанса. Демир почнува да плаче. И таман кога веќе сакавме да ја прекинеме линијата, некој од другата страна на телефонот викна: „Чекајте, еве ја.“ Демир ја зеде слушалката и по десетина секунди слушнавме крик: ***„Мајко, мајко...“***

По неполн час во Детската амбасада Демир и мајка му се гушкаа...



Демир Ајвази
денес живее во САД



Јово Димитриевиќ

МИСИЈАТА ПРОДОЛЖИ ЗА ВРЕМЕ НА КОНФЛИКТОТ ВО КОСОВО (1999) И МАКЕДОНИЈА (2001)

Првата детска амбасада во светот за Република Македонија Меѓаши беше активна и посветена на децата за време на косовскиот конфликт (1999-2000 година). Во камповите Радуша, Стенковец 1 и 2, Непроштено, Радуша, Бојане и Чегране, волонтерите/волонтерките на Амбасадата секојдневно организираа спортски, ликовни, образовни и творечки активности за децата бегалци.



Меѓаши се вклучи во несебично давање помош и за време на војната во Македонија (2001 година). Во акцијата влегоа над стотина волонтери/волонтерки кои во прифатилиштето на Прва детска амбасада во светот Меѓаши згрижија 16 раселени лица (од кои 8 беа деца) од кризните региони во Македонија.

Во ова прифатилиште се родија Александар, Марија, Никола...

„Ние живеевме во Арачиново, куќата ни беше срушена, но она што ги замени сите стравови и неубавини беше раѓањето на нашето чедо по 8 години живот без рожба. Бевме сместени во Меѓаши, а ангелчето наше и гостопримливоста на домаќините ни помогнаа да истраеме."

Секојдневно, раселените деца од тетовско, кумановско и Арачиново овде добиваа љубов, образование, забава и игра. Ученичката Санела се сеќава на тоа време:

„Многу добро го паметам моментот кога дојдов во Првата детска амбасада. На почетокот бев тажна и ми недостасуваше домот, не спиев навечер и се прашував себеси дали некогаш ќе се вратам дома. Тука, во Меѓаши времето бргу ни поминуваше и тагата полека одминуваше. Во Амбасадата има многу работилници како: литература, драма, уметност, англиски јазик, француски јазик, математика и компјутери. Јас се дружев со сите деца, но најголем дел од времето поминував на компјутер. Благодарение на Меѓаши јас навистина ги проширив своите знаења за многу корисни нешта".

„Беше многу тешко да се заборави моментот кога јас и моето семејство го напуштивме нашиот дом, бегајќи од виорот на војната. Во моментите на тој ужас, во рамките на Меѓаши се најдов себеси и преку активностите со кои бевме преокупирани успеав 'да останам на земја'" - Ивана 12 години.

Луѓето кои тогаш беа прифатени од Детската амбасада Меѓаши сега се вратени во своите домови. Некои од нив тоа го сторија дури во 2006 година, по петгодишен престој во Меѓаши. **Тие велат дека никогаш нема да ја заборават подадената рака во мигот кога најмногу им требаше.**







ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ Е НА ПРВО МЕСТО ВО СПРОВЕДЕНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА ДОВЕРБАТА ВО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Првата детска амбасада во светот Меѓаши по петти пат е на прво место во однос на довербата од граѓаните или позитивни наспроти негативни ставови за граѓанските организации според истражувањата спроведени последниве години од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Извештаите се засноваат на наодите од истражувањата спроведени со теренски анкети – интервјуа „лице в лице“ во домаќинствата на репрезентативни примероци.

СЕ ОФОРМИ СОС - ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ – 1993

СОС-телефонот за деца и млади започна со работа една година по оформувањето на Амбасадата Меѓаши. Уште на самиот почеток се сретнавме со многу проблеми, но благодарение на упорноста и волјата, како и ангажманот на многубројните волонтери/волонтерки, СОС работи и денес. Нашиот СОС беше прв од таков вид во Републиката. Првите неколку години имавме обезбедено средства за професионално ангажирање на дежурни лица, така што работата се движеше без поголеми проблеми во тој поглед. Телефонот постојано ѕвонеше. Но, и економската состојба на семејствата им дозволуваше на поголемиот број деца да се јавуваат и подолго да разговараат. По неколку години, работите почнаа да се менуват. Сè потешко наоѓавме финансиски средства за основната дејност на СОС сервисот. Како што опаѓаше економската моќ на родителите така и бројот на повиците се намалуваше, особено во периодот на конфликтот во Република Македонија. Немавме средства ниту за обука на волонтерите/ките. Сепак, СОС телефонот за деца и млади успеа да го задржи својот континуитет.

Од самиот почеток СОС телефонот за деца и млади беше и остана база на податоци, индикатор за состојбата на децата во нашата држава. Податоците за сè поголемиот број јавувања поврзани со насилство врз децата, ја алармираа јавноста и мобилизираа повеќе организации да се посветат на поддршка на децата жртви на насилството.

СОС телефонот е неопходна поддршка на децата кои имаат проблеми, во тоа се убедени волонтерите/ките кои со години се покрај телефонот, само за да помогнат тогаш кога тоа е потребно. Затоа СОС телефонот за деца и млади истрајува.



Децата СОС-телефонот го користат како средство за абреакција на своите потешкотии кои се наталожиле и кои не можат или немаат каде да ги соопштат. Чинот на информирање, пронаоѓање и јавување на СОС-телефонот, пред сѐ укажува на целноориентирана активност на детето, што значи ваквата активност може да ја спроведе само повозрасно дете, кое покажува поголема зрелост или пак е помогнато од некој повозрасен, кој не ја оправдува ситуацијата или состојбата во која се наоѓа детето.

Очекувањата на децата од СОС-волонтерот се дифузни и не се прецизни, тие не бараат совет, почесто бараат спасител, а на фантазматско ниво, поверојатно е дека се надеваат дека преку СОС-телефонот, кој има симболична функција како „надродител“, дека тој на некој начин ќе ги промени или ќе влијае на нивните родители, со кои обично децата кои се јавуваат имаат потешкотии. Во други ситуации кога се јавуваат деца кои имаат проблеми обично со својата училишна средина или со врсниците, тогаш тие од СОС-волонтерот го бараат она што како помош и разбирање не го добиваат од своите родители.







ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ

Детските работилници претставуваат можност децата од различна етничка припадност и со низок економски статус, заедно со другите деца да ја развиваат својата креативност и фантазија, односно да се даде придонес во создавањето еднакви можности. Сето тоа се реализира преку дружење и најразновидни активности според интересите на децата, а со употреба на соодветни прирачни средства. Во изминативе години од започнувањето со работа на Детските работилници, со пауза од 2010/11г., децата на возраст од 4 до 16 години можеа да посетуваат некоја од следниве работилници: англиски јазик, германски јазик, албански јазик, француски јазик, математичка, компјутерска, спортска, ликовна, како и ра-







ботилница за допишување, за применета уметност, литература, драма и бон тон, новинарска, детски права, едукација на човекови вредности, работилница по оригами, астрологија... Во работилниците како едукатори/едукаторки секоја година беа ангажирани над 30тина волонтери/волонтерки кои направија голема работа за над 3000 деца кои поминаа низ овие работилници.

БРАВО за сите нив!!!

Светски ден на најмалите – 20 ноември

„Да ги заштитиме децата од злоупотреба!„

Светскиот ден на детето - 20 ноември вчера се одбележуваше ширум светот како обид за заштита на детето од секаков вид насилство, присилна работа или друг вид на злоставувања. - Експертите од меѓународната агенција за труд во Женева во последниот извештај излегоа со проценка дека во светот работат 250 милиони деца

Според Детската амбасада "Меѓаши", состојбата со злоупотреба на децата во Македонија станува се поалармантна, што е утврдено по зголемениот број на повици на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222. Податоците на Амбасадата покажуваат зголемување за четирипати на бројот на јавувања во последните пет месеци, каде помош побарале 610 деца и млади, споредбено со лани, кога за цела година биле регистрирани 414 случаи. Јавувањата најчесто се поврзуваат со проблеми поврзани со насилство од различен тип - сексуално злоставување, психичко и физичко ...

... деви да просат, да крадат или да го продаваат своето тело. Зад сите овие форми на искористување стојат возрасните, кои ја организираат работата и остваруваат профит.

Работењето на децата е скандалозно, не само заради тоа што најнезаштитениот дел на општеството се искористува за мали надници, туку уште повеќе заради тоа што им се укинува правото на детство. Децата работат полно работно време како возрасните, живеат во услови штетни по нивното здравје, работат под наем или како робови, немаат изгледи за подобра иднина. ...

... конкурентските односи на пазарите помеѓу земјите од третиот свет и индустриските земји. Во речиси сите земји во светот ваквите работи се забранети. Колку и да е важно постојано да се укажува на овој тежок вид на искористување, треба да се знае дека ова неможе да се сузбие со изјави или резолуции. Досега има многу заклучоци.

На пример изјавата за правата на детето, усвоена на генералното собрание на ОН во 1959 година. Во неа е наведена возраста до која се забранува вработувањето, или присилно искористување на трудот на децата. Конвенцијата за меѓународната организација за труд предвидува децата, дури по 12 години минимално да бидат изложени на физички труд. Под оваа старосна граница тоа е забрането. ...

... кои например едно шеснаесетгодишно момче се смета за возрасна личност, ... Во многу земји од трикапречениот трет свет ... незапосленост е нормална појава. Во такви услови детскиот труд за многу семејства е ... извор на финансирање. Повеќегодишни и единствен, бидејќи токму детскиот труд придонесува за зголемување на невработеноста кај возрасните.

Едно е јасно. Сиромаштијата е причина заради која децата почнуваат да работат, и тоа не треба да се минимизира одново. Како што е случај и со историјата на европската економија, тоа ќе исчезне како резултат на економско социјалниот развој. Оттука е јасно дека вложувањето во образованието на општеството му носи најмногу ...

СЛИКИ ОД СКОПЈЕ

Фото: М. СТРЕЗОВСКИ

Сакаме подеднакво образование за сите - е вчерашната порака на децата упатена од Градскиот плоштад, која ја поддржаа и возрасните

СО АКЦИЈАТА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРВАТА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ „МЕЃАШИ" ЗАПОЧНА

Кампања за образование на сите деца

НОВА МАКЕДОНИЈА

Год. 61 број 20644 | Скопје, понеделник 21 ноември 2005 година | примерок 10 ден.

денес спорт — Одбојка – Ждрепка за квалификациите за ЕП 2007 во Русија — **Македонија во група со Холандија** (Стр. 8-9)

Наредната година Македонија постојана членка на Франкофонијата (Стр. 2)

По 150 години руски претседател во официјална посета на Јапонија (Стр. 7)

дневно — **Продажба на јаболка со брендот „Вкусот на Македонија"** (стр. 3)

економија — **Министерот Димов на регионална конференција за птичји грип во Атина** (стр. 4)

петта страна — **Кој да не отплетка, ако не сами!?**

скопје — **„Лептокарија" повторно ќе заживее со ново светло** (стр. 6)

култура — **Лов на лавови**

Светски ден на најмалите – 20 ноември

„Да ги заштитиме децата од злоупотреба!"

Светскиот ден на детето - 20 ноември вчера се одбележуваше ширум светот како обид за заштита на детето од секаков вид насилство, присилна работа или друг вид на злоставувања. - Експертите од меѓународната агенција за труд во Женева во последниот извештај излегоа со проценка дека во светот работат 250 милиони деца

Според Детската амбасада "Меѓаши", состојбата со злоупотреба на децата во Македонија станува се поалармантна, што е утврдено по зголемениот број на повици на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222. Податоците на Амбасадата покажуваат зголемување за четирипати на бројот на јавувања во последните пет месеци, каде помош побарале 610 деца и млади, споредбено со лани, ...

Али Ахмети реизбран за лидер на ДУИ

На првиот Конгрес на Демократската унија за интеграција (ДУИ), што вчера се одржа во Тетово, Али Ахмети беше реизбран за лидер на партијата. Ахмети е избран едногласно од страна на 535 делегати. Со новиот партиски статут, на Ахмети му се зголемија овластувањата. Ахмети ја отфрли можноста за реконструкција на актуелната влада и за организирање предвремени избори. Во својот говор Ахмети ги потенцираше постигнатите резултати на ДУИ. Конгресот на ДУИ го следеа амбасадори, претставници на ...

ВО ГРАДСКИОТ ПАРК ВО СКОПЈЕ

Децата протестираа против злоупотребите

Децата во Македонија често се злоупотребуваат и се принудуваат да работат, да просат, да се проституираат и остануваат без основно образование. Затоа мора итно да се искорени искористувањето на детскиот труд и да се престане со злоупотребата на децата за туѓи цели и профити, порачаа учесниците на вчерашниот протест во Градскиот парк во Скопје.

- Малолетни лица кај нас најчесто се вработуваат како келнери, продавачи, а неретко се занимаваат и со криминал. Најчесто тоа го прават поради големата сиромаштија и поради неписменоста - вели Љубица Наумоска, координаторка на акцијата „Образование за сите", која од 6-ти до 13 април се организира во земјава.

Акцијата е дел од светската кампања на меѓународната организација „Глобал марш" и е поддржана од генералниот секретар на ООН, Кофи Анан. Организатори на протестот во Скопје беа волонтери на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" и на Здружението за лица со хендикеп „Илинден" од Скопје. (Д. Ј.)

Вечер 25.04.05

СКОПЈЕ

ВАША ПОШТА — „ВЕЧЕР" ... читатели ... Затоа пиш... skopska@...

МАРШ И ПОТПИСИ НА ПЛОШТАДОТ "МАКЕДОНИЈА"

... образование ... подобра иднина

... 15 000 деца ... исклучени од образованието. Скопскиот градоначалник, исто така, ја поддржа оваа кампања и како што велат во „Меѓаши", се обврза во својот мандат да ги вклучи сите деца во училиштата.

-Оваа кампања заслужува не само мое внимание, туку и на сите граѓани, бидејќи децата се наша иднина и многу е битно каков ќе ги воспитуваме и какви услови ќе им пружиме да станат сопствени луѓе. Веројатно, треба да ги подготвиме утре да го презмат ова општество. ...

... Костовски.

И мувичарот ... финансиски, ... дршка на акција...

-Сметам ... нешто нема ... ако сакаме за ... малиот вредно... граѓани мора ... внимание, ... те деловни ... економски ...

IAEWP International Association of Educators for World Peace

UN NEWS — Portuguese Edition

Kofi Annan: biografia de um grande estadista

Sétimo secretário das Nações Unidas, designado para o cargo até 2001, é uma personalidade de grande destaque no panorama mundial. Profundo conhecedor da ONU e da diplomacia, luta pela paz e harmonia entre as nações amigas. Pág. 3

Embaixada das Crianças: busca do reconhecimento mundial dos Direitos das Crianças

A Primeira Embaixada das Crianças da Macedônia e seus projetos para o desenvolvimento de todas as crianças do mundo. Pág. 8

• O que os candidatos à Presidência têm em comum .... Pág. 4
• O Islan e a Educação para a paz .... Pág. 5
• Lana Gangchen: uma vida para a paz .... Pág. 6
• IAEWP 2000: .... Pág. 7
• OAB Guarulhos participando da comunidade .... Pág. 8

...месеци на СОС - телефонот на Првата детска амбасада во светот „Меѓашижв, побарале помош 610 деца. За цела изминатата година претходно биле регистрирани 414 случаи. Бројот на повици во однос на изминатите 2-3 години е повеќекратно зголемен, а предничат проблемите поврзани со насилството, и друг вид злоставувања што претставува реален одраз на моменталната состојба во која се наоѓаат младите во Македонија.

Податоците ја вклучуваат црсната тревога за злоупотреба на децата во Македонија. Алармантноста на состојбата ја потврдува и статистиката која говори дека меѓу оние кошто се јавуваат за помош се малолетници и млади луѓе од 18 до 25 години. Доминираат јавувачите од женскиот пол.

Генерално, во најголемиот број случаи мотив за јавувањето се семејните проблеми (23 %), потоа проблемите врзани со насилство (16%), а не се исклучок ни љубовните, здравствените, училишните, половите, проблемите врзани со зависности

Детство во ...

и други. Податоците по одредени возрасни групи, говорат дека голем мотив за јавување на СОС-телефонот се и меѓуполовите односи на младите, кои штотуку влегле во сфера на животот, ... ти и без искуство, како и без соодветен пријателски соговорник, се обраќаат за да ги поделат свои...

... бременост и заштита, разочарувања, неверства, напуштеност и слично.

СОС-телефонот за деца и млади, оваа година наврщува 15 години од ...

Бројот на повици на СОС-телефонот во однос на изминатите 2-3 години е повеќекратно зголемен, а предничат проблемите поврзани со насилството, што претставува реален одраз на моменталната состојба во која се наоѓаат децата и младите во Македонија

... ци. Податоците за доминација за јавувачите се склад со постоечките ... нанија на психологија на адолесцентите - ... младите луѓе во потр... по својот идентитет, ... болно се отвараат ... разни форми и модели комуникација од кои ... куваат информации, ... трукции, умеења и ... многу од се, поддршка ... обликувањето на својата личност. Доминацијата на женските соговорници објаснува со социјална фацилитација кои же... скиот пол кога е во прашање отварање на својата интима и барање помош од други. СОС-телефонот на "Меѓаши" за деца и млади - 0 800 12222, за различни видови насилство, претставува база на податоци, индикатор за состојбата на децата во Македонија. Податоците кои ги изнесува говорат дека ситуацијата во земјава, кога ...

... не беше одбележан светскиот ден на детето.

Светскиот ден за превенција на децата од злоупотреби е само симболичен ден кој треба да ја алармира и мобилизира јавноста, како и повеќето организации да се посветат на долгото поддршка на децата - жртви на какво било насилство.

Анета РИСТЕСКА

Embaixada da Criança

A criação do País das Primeiras Crianças no Mundo e a Embaixada das Primeiras Crianças no Mundo – Medjashi (FCEWM), em 1991 na antiga Iugoslávia entre Bósnia-Herzegovina, Sérvia e Croácia, por Sr. Dushko Tomac, que esperava que a criação do país e embaixada abafasse as "chamas de doutrinas nacionalistas e religiosas que ganhavam impulso", na Iugoslávia.

Em abril de 1992, a Embaixada pediu a evacuação de Sarajevo de milhares de crianças. Foi estabelecida uma ponte área de Sarajevo para Skopje, passando por Belgrado. E ainda em abril foi fundada a Embaixada das Primeiras Crianças no Medjashi Mundial, uma ONG não partidária, localizada na República de Macedônia.

Em Sarajevo, as circunstâncias eram difíceis do ponto de vista econômico, para as crianças e com a guerra da Bósnia ficou impossível desenvolver qualquer projeto. Assim a "Embaixada de Medjashi" em Skopje assumiu a responsabilidade de promover esta idéia nobre, em todo o mundo. A FCEWM representa um projeto principal em suas fases iniciais; um projeto que evolui diariamente. Também está encontrando muitos obstáculos e dificuldades - mas não obstante consegue os transcender e se desenvolver cada vez mais. É um novo movimento global em prol unicamente da proteção dos direitos das crianças.

No alto, crianças participam de oficina de arte. Acima, crianças em campo de refugiados em Kosovo.

O País "das Primeiras Crianças de Medjashi" foi destruído pela guerra no seu início. Mas a Embaixada continuou crescendo e afirmando-se, provando e demonstrando que uma idéia nobre pode ser gerada e construída nos Bálcãs.

A existência de seus consulados na França, Gana, Tanzânia, Bulgária e Brasil comprova a grandiosidade desta idéia para transformar nosso planeta em um MUNDO PARA CRIANÇAS, indiferente de raça, religião, nação, idioma ou posição social. A FCEWM possui mais de 25 mil sócios em todo o mundo e um grande número de partidários e organizações associadas.

O secretário geral, Gordana Pirkovska Zrajanac tem vários projetos em andamento e tem se esforçado para chamar atenção para os Direitos das Crianças, como também a necessidade delas para atividades práticas e eficientes em todos os campos pertinentes para o desenvolvimento pessoal e social de todas as crianças.

МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС

ВЕСНИК ЗА ЛУЃЕ СО СТАВ

Број 2058 година VIII · понеделник 21 ноември 2005 · излегува секој ден освен во недела

цена 10 денари

ВЕНА ТРЕВОГА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦАТА МАКЕДОНИЈА

ДЕТСТВО ВО СЕНКА НА НАСИЛСТВО

Бројот на повици на СОС-телефонот во однос на изминатите 2-3 години е четирипати зголемен, а предничат проблемите поврзани со насилството и друг вид злоставување што претставува реален одраз на моменталната состојба во која се наоѓаат децата и младите во Македонија

Акција на првата детска амбасада во светот „Меѓаши"

Едно дете помалку на улица

Првата детска амбасада во светот "Меѓаши" е организатор на акцијата "Да ги вклучиме децата во образованието". Акцијата почна вчера, ќе трае се до 30 овој месец, а стартуваше со "Маршот за вклучување на сите деца во образованието"

Александра СПАСОВСКА

Акција на првата детска амбасада во светот „Меѓаши"

Едно дете помалку на улица

Првата детска амбасада во светот "Меѓаши" е организатор на акцијата "Да ги вклучиме децата во образованието". Акцијата почна вчера, ќе трае се до 30 овој месец, а стартуваше со "Маршот за вклучување на сите деца во образованието"

(

Опширно на стр. 7

СВЕТСКИ ДЕН ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕТСКИОТ ТРУД

Дете во училиште е дете помалку на улиц

Од Првата детска амбасада „Меѓаши" потсетуваат дека состојбата со детскиот труд во Македонија е неодржлива. Според нив, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука треба да подготват национална програма за акција за ефективно елиминирање на најлошите видови на искористување на детскиот труд

Детскиот труд кај нас и во светот се злоупотребува, а децата се беспомошни и не можат да се спротивстават. Тие се загрозени во најчувствителниот период од својот живот. Акцент на оваа проблематика беше ставен и вчера, со што беше одбележан 12 јуни, Светскиот ден против злоупотребата на детскиот труд.

На овој ден во многу држави се организираат јавни предавања на теми од областа на злоупотребата на детскиот труд, дебати на слични теми, средби со инспиративни личности од областа на образованието, како и средби со деца активни во борбата за искоренување на најлошите форми на злоупотреба на детскиот труд, каде што тие го имаат главниот збор.

„Секое дете во училиште е дете помалку на улица", беше мотото на акцијата „Образование за сите", реализирана од Првата детска амбасада „Меѓаши", на почетокот на април годинава во Скопје. Напротив, милиони деца се сè уште на улица. Најголем дел од нив се девојчиња. Статистичките податоци говорат дека во нашата земја има 87.749 неписмени лица од кои 67.254 се од женски пол, а 1.079 од нив се девојчиња на возраст 15-19 години. А, неписменоста директно е поврзана со злоупотребата на детскиот труд. Дете кое не знае да чита и да пишува нема да знае кои се неговите права и не може да се одбрани кога ќе биде загрозено. Образованието е човеково право и според Универзалната декларација за човекови права донесена пред 55 години и според Конвенцијата за правата на детето. Фактот дека илјадници се лишени од ова право треба да нè засрами и да нè загрижи.

На 12 јуни 1999 година Меѓународната организација на трудот ги донесе „Конвенцијата 182" и „П... пораката 190" за најлошите форми на

искористување на детскиот труд. Тие досега се ратификувани од 137 земји во светот, меѓу кои во 2002 година и од Македонија. Членот 6 од Конвенцијата предвидува секоја земја потписничка да преземе обврска да подготви програма за итно дејствување за приоритетно елиминирање на најлошите видови детски труд. За жал, Македонија како земја потписничка сè уште нема изготвено таква прог-

Од Првата детска ам... сада „Меѓаши" потсетува... дека состојбата со детски... труд во Македонија е не... држлива. Според нив, М... нистерството за труд и ... цијална политика и Мин... терството за образовани... наука треба да подгот... национална програма за ... ција за ефективно елими... рање на најлошите видо... на искористување на д... скиот труд, а во процесот... креирање на оваа програ... треба да ги вклучат и нев... дините организации.

утрински весник

Акција на „Меѓаши" за обезбедување еднакви услови за школување на најмладите

Секое дете има право на образование

Трифун Костовски, членовите и граѓаните морално се обврзаа со сето свое знаење да помогнат секое дете да го добие задолжителното образование

Глобална кампања за образование

Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" годинава пра пат е дел од глобалната кампања за образование, која почна на 6 април и ќе трае една недела, а во која „Меѓаши" директно ќе се вклучи со акцијата „Образование за сите". Акцијата ќе се одржи на 9 април и предвидено е на сите континенти во исто време според Гринич, во траење од еден час, да се одржат дебати во основните и во средните училишта за подигање на јавната свест за потребата од искоренување на неписменоста и запознавање со причините што оневозможуваат и спречуваат пристапот на образование особено на децата и девојчињата, жртви на злоупотреба на детскиот труд.

Во рамки на акцијата, на 13 ... ќе се спроведе и марш во кој ... младинците и невладини орг... ции ќе го изразат своето негод... против експлоатацијата на дет... труд. Во маршот, чиј почеток ... кажан за во 12 часот пред спо... кот на Гоце Делчев во Град... парк, на сите учесници ќе им ... доделени едукативни брошури... цијата ќе биде поддржана и со ... оклин „Зајнојшамиса" во кој ... пуваат еминентни имиња од ... ската музичка естрада.

Проектот е финансиран од н... ната невладина организација ... бал марш".

"Меѓаши" во светската акција "Образование за сите"

Првата детска амбасада "Меѓаши", од завчера се вклучи во меѓународната глобална кампања за образование, во која до 13 април ќе спроведува акција "Образование за сите". Во рамките на акцијата, утре "Меѓаши" ќе се вклучи и во обидот да се урие рекордот ... одржување на "Најголема лекција во светот". Предава... њето за значењето на образованието ќе трае 30 минут... и ќе се одржува на сите континенти во исто време с... ред Гринич. На 13 април во 12 часот ќе биде организ... ... експлоатацијата на детскиот тру...

Дневник 10. април 2003

ГЛОБАЛНА АКЦИЈА ПРОТИВ НЕПИСМЕНОСТА

И скопските ученици ја слушаа „Најголемата лекција на светот"

Околу петстотини ученици и средношколци од неколку скопски основни и средни училишта вчера точно во 10 часот пра пат го следеа читањето на „Најголемата лекција на светот" и беа дел од светската кампања „Образование на сите" на меѓународната организација „Глобал Марч" и Обединетите нации.

„Најголемата лекција на светот" вчера ја чуле учениците од скопските основни „Вера Јоциќ", „Наум Наумовски Борче", „Живко Брајковски", „Климент Охридски" и „Браќа Рамиз и Хамид" и во гимназиите „Зеф Љуш Марку", „Никола Карев" и „Јосип Броз Тито" како и во просториите на Првата детска амбасада „Меѓаши".

Читањето на пораката поддржана од генералниот секретар на ООН, Кофи Анан, е дел од светската акција за намалување на бројот неписмени и за зголемување на бројот девојчиња во училиштата. Според бројките на ОН, денеска во светот има 862 милиони луѓе, од кои две третини се жени. Според пописот на населението од 1994 година, во Македонија се евидентирани 87749 неписмени, од кои 67.254 се жени, 784 се девојчиња на возраст од 10 до 14 години и 1.079 на возраст од 15 до 19 години.

Според ООН, светските лидери и влади треба да се залагаат во нивните земји с... деца да добијат бесплатно... новно образование и под... накво да порасне и бројот... девојчињата во училиштата.

Ако оваа година лекци... истовремено ја чуле пове... од 28.000 ученици и ср... ношколци, „Најголемата ... ција на светот" ќе биде ст... на во Гинисовата книга на ... корди.

В недела, со почеток... 12 часот, невладината орг... зација „Меѓаши" организ... мировен марш од Градс... парк во Скопје, со кој уче... ците на маршот ќе го изра... своето незадоволство од... сплоатацијата на детс... труд во светот.

ДЕТСКИ ТРУД

Во светот има повеќе од 250 милиони деца чиј труд се злоупотребува! Тоа значи 250 милиони деца без детство! Од нив 120 милиони работат со полно работно време! Останатите ја комбинираат работата со школување или други неекономски активности. Во поглед на полот, 140 милиони се момчиња, а 110 милиони се девојчиња. Во Македонија, за жал, не постојат конкретни податоци за состојбата со злоупотреба на детскиот труд. Бројката на деца кои не се вклучени во системот на образование во Република Македонија изнесува околу 18 000 деца, нашата проценка е дека голем број од нив се жртви на детскиот труд. Првата детска амбасада во светот Меѓаши како национален координатор на Светската асоцијација за борба против злоупотреба на детскиот труд (Global March Against Child Labor), секоја година спроведува активност базирана на Светската кампања „Global Campaign for Education"за враќање на децата во училиште и вклучување на поголем број наставници со што би се овозможило квалитетно образование.











ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА КОИ НЕ ОДАТ ВО УЧИЛИШТЕ

Во Детската амбасада од јули 2007 до 2015 година беше активен Дневниот центар за деца кои не одат на училиште. На почетокот во него беа опфатени 35 деца од населбите Кланица и Картон маало во општина Аеродром, а сега околу 15-тина деца, бројот варира поради повеќе причини. На децата преку Дневниот центар им беше овозможено задоволување на основните хигиенски потреби (тука се бањаа), добиваа чиста облека и ужинка и посетуваа психо-социјални, едукативни и креативни работилници. Се работеше и на обезбедувањето на личната документацијата, а се правеа и напори овие деца да се вклучат во образовниот систем. И во овој сервис беа вклучени волонтери/волонтерки кои со многу љубов и грижа го разубавуваа животот на децата.







ЗНАЧЕЊЕТО НА ВОЛОНТЕРИТЕ/КИТЕ НА МЕЃАШИ

Првата детска амбасада во јавноста е препознатлива по големиот број волонтери. Секоја година во реализација на активностите на Детската амбасада беа вклучени голем број волонтери/волонтерки. Преку волонтирање се создава чувство на одговорност кон заедницата, кон децата и воопшто луѓето од сите возрасти, постојано освестувајќи ја важноста на вредностите како солидарност, заедништво, рамноправност, ненасилство, грижа за околината итн. На тој начин работејќи за другите градиме поправедно општество и истовремено работиме и за себе. Целта на волонтерското здружување е и унапредување и развој, промовирање на идејата за волонтерство и неговите вредности, организирање волонтерски акции, соработка со сродни организации, како во регионот така и пошироко, размена на волонтери, како и известувања до младите за можностите за волонтирање во Македонија и надвор од неа. Волонтерскиот ангажман им овозможува на младите луѓе да се вклопат во активностите на Меѓаши.

Нашите волонтери/волонтерки имаа можност да патуваат, да запознаваат нови луѓе, да научат нешто ново, да учествуваат на семинари, едукации, тренинзи и кампови од национален и интернационален карактер уште пред повеќе години, кога во Македонија тоа беше вистинска реткост.

Волонтерскиот центар при Младинскиот културен центар од Битола додели досега шест специјални сертификати за долгогодишен волонтерски ангажман на следните волонтери/волонтеркики во Меѓаши и тоа на Јулијана Зоксимовска, Борче Стојановски - Џеронимо, Реџеп Раими, Методија Најчески, Роза Василевска и Милица Паневска.

МОНИТОРИНГ НА СОСТОЈБАТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Првата детска амбасада во светот Меѓаши веќе 25 години ја следи состојбата со детските права во Република Македонија како и работата на државните институции и на единиците на локалната самоуправа во делот на нивно постапување кога се работи за заштита на децата и нивните права. Детската амбасада Меѓаши мониторира што преземаат овие институции како надлежни за да обезбедат почитување на детските права и како тие постапуваат во ситуации кога детските права се повредени, оспорени или загрозени. Ние го следиме имплементирањето на правата на децата во Република Македонија, особено на децата припадници на маргинализирани групи, ранливи групи деца. Мониторингот се врши преку редовните сервиси за директна помош и поддршка на децата како што се: СОС-телефон за деца и млади (бесплатна линија), бесплатна правна служба, детски работилници, дневен центар за деца кои не одат во училиште.



МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Од самиот почеток до денес работата на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ е посветена на мирот и неговото градење, почнувајќи од поддршката на децата бегалци од БиХ, децата бегалци од Косово, па внатрешно раселените деца во Македонија, многубројни други активности за поддршка на мирот работејќи во училиштата со ученици/ученички, професори/професорки...



Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ во април 2011 г. започна со спроведување на проект за Мировно образование заедно со партнерската организација KURVE Wustrow од Германија (http://www.kurvewustrow.org/) со која има долгогодишна соработка. Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование во наставните курикулуми.




Техники за кративна разработка на конфликти - Форум Театар и Танц театар (со членовите на Мировните клубови од гимназијата “Никола Карев”, СГУЦ “Здравко Цветковски” и СМУГС “Д-р Панче Караѓозов” - Скопје)

Целта на мировните активности е да се сензибилизираат учениците за прашања од областа на комуникацијата и ненасилната разработка на конфликти, процеси на донесување на одлуки, како и да се иницираат и организираат мировни активности. Една од задачите на проектот е да ги охрабри учесниците за активен став во нивната средина, без насилство и со свесност за бројните видови неправди, дискриминации и насилства пренесувајќи им вештини и знаења кои се важни за градење на активен мир, граѓанско организирање и ненасилно дејствување.

НАГРАДИ, СЕРТИФИКАТИ И ПРИЗНАНИЈА

Наградата е доделена на Првата детска амбасада во светот Меѓаши за долгогодишни постигнувања и посебен придонес во граѓанското општество и демократските вредности. Истата ја добивме во 2001 година од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка.


НАГРАДА
за граѓанско општество и демократија
Прва детска амбасада
во светот Меѓаши

Првата детска амбасада во светот Меѓаши го доби сертификатот ISO 9001:2008 за систем за квалитет на менаџмент


SERTIFIKAT
ISO 9001:2008

Трета награда во активноста - „Игра“ Обединети нации 1999


This is our Time
This is to certify that
has won the third price in the activity
Game Unite the Nations 1999.

AnGELo dELL' Anno 2008
9-то издание, Манифестација „Ангел на годината“ Милано, Театар „Dal Verme“ 28 јануари 2008г.

Специјална меѓународна награда е доделена на м-р Драги Змијанац - основач и извршен директор на Првата детска амбасада во светот Меѓаши за интензивна и заслужена дваесет-годишна активност во поддршка на децата и меѓународни проекти. Наградата ја додели италијанскиот Црвен крст и Етичкиот центар „Монета за мир“.





Како резултат на досегашната соработка со Осигурување „Македонија“ АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, на Првата детска амбасада Меѓаши ѝ беше доделена наградата „Гинтер Гејер за општествена свест“.

ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОМИРУВАЊЕ ПРЕКУ РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА

Во 2013 година Детската амбасада Меѓаши започна да го спроведува проектот „Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа" (ПРЕЦЕДЕ) кој е финансиран од Европската унија. Станува збор за регионален проект кој се спроведува во неколку земји во регионот и е насочен кон градење на мирот и помирувањето преку работа со децата уште на предучилишна возраст.

Во текот на наредните четири години, преку ПРЕЦЕДЕ програмата се овозможи непосредна работа со децата на рана возраст во вкупно единаесет градинки, со што се втемелија и вградија вредности кои кај децата поттикнуваат и негуваат независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе и солидарност.

Како резултат на заложбите на Меѓаши, ПРЕЦЕДЕ се воведе во рамките на Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2017 година. Владата на Република Македонија врз основа на Законот за заштита на децата ја усвои Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2017 година, согледувајќи го значењето на регионалната програма што ПРЕЦЕДЕ мрежата, односно партнерството за помирување преку ран детски развој и образование во Европа го вложува во јавните уста нови за деца - детските градинки.







ЗАЛОЖБИТЕ НА МЕЃАШИ ЗА ПОСТРОГО САНКЦИОНИРАЊЕ НА СЕКСУАЛНИТЕ ЗЛОСТОРНИЦИ

Силното застапување, залагање и лобирање на Првата детска амбасада Меѓаши за построго санкционирање на сексуалните злосторници, родоскврнувачи и педофили, посебно кога жртви се деца помлади од 14 години вродија со плод. Имено, во февруари 2014 година пратениците во Собранието на Република Македонија прифатија три од четирите препораки за кои се залагаше Амбасадата Меѓаши, вклучително и зголемување на казните за педофилите на минимум 15 години, воведување на медикаментна терапија, таканаречена хемиска и доживотна казна затвор за рецидивистите, како и за педофилот кој ќе го стори делото на посебно грозоморен начин. Со овие мерки усвоени во македонското собрание има можност оваа патолошка појава да се стави под контрола, особено за педофилите рецидивисти.




BREAKING NEWS


GDJE SAM? Naslovnica » Vijesti » Svijet » DRASTIČNE KAZNE Makedonija prva u regiji uvodi kemijsku kastraciju za pedofile

PRVI U REGIJI

DRASTIČNE KAZNE Makedonija prva u regiji uvodi kemijsku kastraciju za pedofile







All the News | Premium | Blogs | Video | In Pictures | Advertise

HOT TOPICS ▸ Balkan Transitional Justice | Paper Trail | ISIS in the Balkans | Fellowship 2016 | Turkey and the Balkans

Share

NEWS 20 AUG 12

Macedonia Mulls Chemical Castration of Paedophiles

After the latest suspected child abuse case, a children's watchdog has proposed chemical castration for paedophiles, and authorities say the idea is worth considering.

Sinisa Jakov Marusic | BIRN | Skopje



The NGO, the First Children's Embassy - Megjashi, argues that the current maximum penalty of 15 years in jail is not enough to stop child abusers from repeating their crimes.

"Chemical castration as well as tagging offenders with electronic locators so that the police and social authorities know their whereabouts would prevent some repeat



УСВОЕНИ ИЗМЕНИТЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

СТРАНИЦИ 2-3

Хемиска КАСТРАЦИЈА за педофилите





ЗАЕДНИЧКО И ОДГОВОРНО РОДИТЕЛСТВО И ПО РАЗВОД

Во 2015 година група родители и Детската амбасада Меѓаши преку граѓанска иницијатива побараа измени во Законот за семејството и воведување заедничко и одговорно родителство и по развод. Поддржувајќи ја оваа иницијатива, Првата детска амбасада во светот Меѓаши и овој пат го стави детето во сферата на интересот и фокусот, нагласувајќи дека децата имаат право и заслужуваат квалитетно и одговорно родителство и по разводот, како и дека со разводот на поранешните партнери не престанува родителството. Детето има потреба од двата родители кои заеднички и подеднакво ќе водат грижа за неговиот правилен раст и развој и заедничко воспитување и чување.





ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА ПОГОДЕНИ ОД ПОПЛАВАТА ВО СКОПЈЕ И СКОПСКО



На 7 август, еден ден по поплавата во Скопје и Скопско, шокирани од последиците и од фактот дека меѓу жртвите имаше и деца, Детската амбасада Меѓаши упати апел со кој информираше дека сите свои активности ги пренасочува за помош и поддршка на децата погодени од поплавата. За полесна комуникација и координација беше отворена група на социјалната мрежа Фејсбук, а беше упатен и повик за волонтери/волонтерки. Заедничката цел – да се помогне на оние кои имаа најголема потреба нè поврза со една особено посветена група активисти/активистки од Фејсбук групата „Хуманитарна помош за поплавените семејства во Скопје". Меѓаши стапи во контакт со стотици волонтери, деца, родители од поплавените подрачја, граѓани кои сакаа да помогнат.



Во основното училиште „Кирил и Методиј" во с. Стајковци, Детската амбада Меѓаши и ЈЗУ Универзитетската клиника за дерматологија отворија медицински пункт каде за децата се обавуваа прегледи и медицинска заштита. По неколку дена на пунктот се придружија и ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести и ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби.



Волонтерите континуирано носеа помош, разговараа со родителите, баравме евакуација, алармиравме, обезбедувавме медицински екипи, правевме списоци на деца и ги повикувавме на преглед кај педијатри, сè со цел да влијаеме превентивно, да не се случи епидемија или уште други страдања, особено кај децата.

Секојдневно на Фејсбук групата ги објавувавме плановите за утрешниот ден, распределбата на работни задачи, кој, каде, што, кога...

ПОСВОЕНИТЕ ДЕЦА ИМААТ ПРАВО ДА ЗНААТ КОИ ИМ СЕ БИОЛОШКИТЕ РОДИТЕЛИ

Во 2017 година Првата детска амбасада во светот Меѓаши ја поддржа граѓанската иницијатива – Посвоените деца имаат право да знаат кои им се биолошките родители. Според член 123-а од Законот за семејство, се штити тајноста на родителот, а не се штити најдобриот интерес на детето. Неправда е Законот за семејство да ги штити родителите, а да ги држи во заложништво посвоените деца. Тоа е и дискриминација на овие деца. Затоа и ставот на Детската амбасада Меѓаши е дека детето треба да ги знае своите родители. Тоа, впрочем, го пропишува и член 7 од Конвенцијата за правата на детето, а тоа се и препораките на Комитетот за правата на детето при ООН. Потребни се измени на Законот за семејство, со што ќе се овозможи посвоените деца да го дознаат своето генетско потекло, бидејќи тоа е суштествен елемент од личниот идентитет на посвоените деца. Целта на законските измени е посвоените деца да имаат право да ги знаат своите биолошки родители и овие измени првенствено треба да бидат во насока на заштита на најдобриот интерес на детето.





МАКЕДОНИЈА СО ЉУБОВ ЗА АЛЕПО

Со цел поддршка и подигање на јавната свест, особено кај помладата генерација за состојбата во која се наоѓаат нивните врсници од Сирија и воопшто бегалците, како и истакнување на потребата од солидарност и помош на луѓето кои страдаат од војна, Здружението на граѓани „Легис" и Детската амбасада Меѓаши во февруари 2017 година ја започнаа кампањата „Македонија со љубов за Алепо".



Во рамките на **Неделата на солидарност со децата бегалци од Сирија** (од 27.2.2017 до 5.3.2017), преку бројни активности во училиштата низ Македонија децата и младите беа запознаени како може да им се помага на луѓе во неволја, да се организираат хуманитарни акции и други форми на искажување солидарност, развивајќи емпатија, иницијативност, хуманост и многу други вредности кои сакаме да ги поддржиме кај децата. Еден дел од кампањата беше насочен кон собирање финансиски средства од граѓаните и бизнис секторот, како симболична хуманитарна помош од граѓаните на Македонија за децата бегалци од Сирија.





МИРОТ Е СЕКОЈ ЧЕКОР

“If we are to build peace in our world, we must begin with our children” Mahatma Gandhi



Во септември 2017 година Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна кампања за подигање на свеста за значењето на воведувањето на Образованието за мир/мировното образование во воспитно образовните институции во Република Македонија. За таа цел низ цела Македонија беа поставени билборди и реклами со слоганот на кампањата „Мирот е секој чекор“ на 6 локални јазици (македонски, албански, турски, ромски, српски и влашки). Кампањата претставуваше можност да се мобилизира јавноста, бидејќи мировното образование се темели на потребата од превенција на насилството и превенција на можни нови судири. Токму на полето на превенцијата не се преземаат доволно активности во училиштата и тоа е една од причините што не постои комуникација меѓу младите од различни етнички групи, кои се оптоварени со предрасуди, а тоа често завршува со конфликтни ситуации, тепачки, навредувања, а некои, за жал, со уште потешки последици. Од друга страна, поставувајќи го мировното образование како составен дел на образованието, почнувајќи од предучилишното па нагоре, ќе резултира со намалување на насилствата во училиштата и зајакнување на капацитетите на наставниот кадар и учениците во поглед на надминување на конфликтите, разработувајќи ги истите по ненасилен пат.

Училиштата не се изолирани простори, па затоа делумен/еднонасочен пристап нема голема моќ за општествени промени. Пристапот мора да биде холистички и заеднички, неопходна е акција од страна на надлежните институции, како и зголемени заложби на граѓанските организации и медиумите. Само со заеднички напори може да се постигне посакуваната промена, училишта и општество без насилство!

Што понатаму?

Стигнавме и до 25-годишнината, а и сами не знаеме како бидејќи во сите тие ургентни барања за помош на децата погодени од војните, децата кои беа злоупотребувани, малтретирани, силувани... ние не помислувавме на бројки, на јубилеи, едноставно немаме време за тоа. За да не ги заборавиме тие важни датуми, Детската амбасада Меѓаши испраќаше реакции до медиумите и укажуваше колку е важно да се работи со и за децата. Но кога почна да се спомнува 2017 ни стана јасно дека нешто мора да направиме, дека некогашните деца (членови, волонтер(к)и, бегалци) очекуваат од нас да ги собереме, како постари родители кои ги собираат своите деца за нивниот роденден. Тие почнаа да се изнаоѓаат на социјалните мрежи, посебно некогашните деца бегалци и волонтерите/волонтерките и прашуваа кога ќе може да се сретнат? И има ли подобар момент за такво нешто од јубилејот кој ете чука на врата? Убаво чувство, но и обврска. Сега предизвиците за Детската амбасада Меѓаши не се помали од оние кои што се испречија во 1992 година кога се оформи. Тогаш се здруживме како група граѓани за да им помогнеме на децата бегалци погодени од војната во БиХ, но продолжувајќи со работата и со другите деца, од Македонија, на површината излегоа, за жал, многу други тешки проблеми на кои требаше да се работи. За тие проблеми тогаш воопшто не се ни зборуваше: луѓето немаа слушнато дека децата имаат нивни права, а сексуалната злоупотреба на децата и педофилијата беа табу теми, детскиот труд се сметаше дека не постои тука на овие простори...







Сега сите знаеме дека е поинаку, направени се многу промени, а огромен дел од заслугата за нив припаѓа несомнено на работата на Детската амбасада Меѓаши. Но, за жал, тоа понекогаш изгледа како капка во морето, има уште толку многу да се направи и сработи. Децата нè обврзуваат на тоа, да ја продолжиме мисијата повеќе од кога било порано и покрај многуте сопки и тешки моменти на опстојување... **Продолжуваме!!!**



Гордана Пирковска Змијанац
основачка на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Република Македонија



"A person's a person, no matter how small."
— Dr. Seuss



Членови на Управен одбор на Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Коле Ангеловски
Благоја Чоревски
Ајрије Дачи
Роза Василевска
Евридика Шашкова
Зумрета Јакупи
Лена Дамовкса
Душко Арсовски
Гордана Пирковска-Змијанац
Сашо Трајковски
Драги Змијанац



Членови на Надзорен одбор на Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Елизабета Атанасова Александар Ѓумберовски Снежана Јаневска

ТИМОТ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ








Драги Змијанац



Основач и претседател на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Од нејзиното основање во април 1992 г. до денес се бори за одбрана на правата на децата, детската личност и нивните најдобри интереси. 25 години помага во организацијата и го руши молкот и страдањето на децата погодени од војната, децата жртви на педофилија и сексуална злоупотреба, децата кои се исклучени од образованието и им се злоупотребува детскиот труд. Тој се залага и ги застапува децата за сите прашања кои се од важност за потребите и остварување на правата на детето за заедничко родителство по развод, за правото посвоените деца да ги знаат биолошките родители, се залага за одговорно родителство и за градење на култура за мир од рана возраст.

Драги Змијанац е лидер во македонското граѓанско општество, промотор на правата на децата во земјата и на правата и заштитата на децата од насилство и злоупотреба.


Гордана Пирковска-Змијанац



- Мировна учителка, активистка за правата на децата, основачка на Првата детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија, иницијаторка и авторка на бројни активности, проекти и кампањи, меѓу кои и познатата кампања „Дали денес го гушнавте вашето дете?“. Последниве години работи во програмата за мировно образование и како консултантка на организацијата.


Во Меѓаши е затоа што има можност за личен придонес кон остварувањето на заедничката визија за СРЕЌНО ДЕТЕ, а тоа подразбира меѓудругото вредносно втемелена активност и ненасилна акција против бројните неправди, квалитетно образование за секое дете - мировно образование, одговорност, непомирување со зло/употребите, омразата и говорот на омраза, дискриминацијата по кој било основ, предрасудите...

Катерина Конеска



Раководител на програми. Ангажирана во организацијата од 2009 година. Работниот ангажман на Катерина опфаќа следење на спроведувањето на програмите и проектите, раководење на проекти, планирање, мониторирање и евалуација. Работи на полето на заштита на детските права преку спроведување на низа различни активности кои прават да се креира подобар свет за децата. Воедно во организацијата е одговорна и за спроведување на стандардот за менаџмент на квалитет ИСО 9001. Катерина Конеска духот на почитување и поддршка кој струи во Детската амбасада Меѓаши го има почувствувано уште од средношколските денови кога беше ангажирана како волонтер и кога имаше директна работа со децата членови на Амбасадата.

Јана Зенговска



Ангажирана е во организацијата од 14.9.2010 година. Работи како координатор на СОС-телефонот за деца и млади.

-„Зошто сум во Меѓаши?" Затоа што верувам во промени кои настануваат како резултат на заедничко делување."

Ана Икономова



Ангажирана во организацијата : јануари 2013 година.

Работно место: сметководител и финансов менаџер.

Слободанка Богоевска



Слободанка Богоевска работи во Меѓаши од 1998 година. Покрај континуираното водење на грижа за хигиената во објектот, Слободанче е посветена на работата во дневниот центар за деца, обезбедувајќи храна, облека и други ресурси кои им се потребни на децата. Таа секојдневно ја прима и класифицира донираната облека и им ја распределува на граѓаните од социјално ранливи категории кои се обраќаат во Меѓаши. Унапредувањето на благосостојбата на децата е нејзина главна мотивација за работа.

ТИМОТ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ

Ира Симеонова



Вработена е во Детската амбасада Меѓаши како раководителка на канцеларија, од октомври 2015 г.

-„Работењето во организација која се грижи за правата на детето е дополнителен мотив во извршувањето на работните обврски."

Ана Битољану



Мировна работничка, вработена во Програмата за мировно образование. Со Првата детска амбасада во светот Меѓаши е од 1999 година, а вработена е во Меѓаши од 2015 година. Верува во ненасилство и делување, во солидарност и поддршка, во моќта на образованието, во луѓето... Меѓаши со своите програми, акции, иницијативи се труди да гради подобра иднина за сите.

Жарко Змијанац



Ангажиран во организацијата од 20.12.2007 г. Работи како менаџер за промоција и одржливост.


„Зошто сум во Меѓаши? Заради можностите, креативноста, слободата и иновативноста кои се карактеристика на организацијата и работењето во истата."

Кристијан Павловски



Кристијан Павловски, дипломиран психолог, работи на позицијата СОС-контактно лице, почнувајќи од 1 март 2017 година. Со одговарање на повиците, тој врши упатување на лицата кон соодветните институции, одговорни за нивниот проблем. Исто така, преку бесплатната психолошка служба, која е во склоп на Првата детска амбасада Меѓаши, нуди советување на деца и родители.

Јетмире Малиќи



„Ангажирана сум од 2017 година во Меѓаши. Мировен работник во Програмата за мировно образование."



Васка Бојаџи



Васка Бојаџи за прв пат се вклучи во активностите на „Меѓаши" во 2009 година, во рамките на проектот „Градење култура на детско учество". Таа учествуваше во подготовката на првиот „Алтернативен извештај за состојбата со детските права во Република Македонија" изработен од страна на деца, а истиот подоцна го презентираше пред Комитетот за правата на детето при ООН во Женева. Васка во моментов е посветена на организација на активностите по повод одбележувањето на 25-годишниот јубилеј на Првата детска амбасада Меѓаши.


Печатница: Друштво за производство и трговија БАТО ЕНД ДИВАЈН ГРАФИКС ЦЕНТАР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Лектор: Марина Геческа-Василевска


Дизајн: Зоран Крстески

Прва детска амбасада во светот Меѓаши

2017 година



Она што сме го направиле за себе, умира заедно со нас;
Она што сме го направиле за другите, останува бесмртно.
(Алберт Пике)



Коста Новаковиќ 22а
1000 Скопје, Република Македонија
+389 2 2465 316
info@childrensembassy.org.mk
http://www.childrensembassy.org.mk



